# ДАЛИ ПРЕДБРАЧНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ГО ПОДОБРУВААТ БРАКОТ? ПОГЛЕД КОН СЕМЕЈНАТА ДИНАМИКА ВО МАКЕДОНИЈА

**Ирена Авировиќ**

Доцент, Филозофски факултет, УКИМ, avirovic@fzf.ukim.edu.mk

**Апстракт**

Во последните години во Македонија сме сведоци на постојаниот пораст на вонбрачните заедници и разводите и истовремено намалување на бројот на склучените бракови. Македонија, како и останатите европски земји, не остана имуна на промените на структурата и динамиката на семејството кои настанаа како резултат на повеќе општествени процеси како глобализацијата, забрзаната урбанизација и индустријализацијата. Денес сè повеќе млади парови во Македонија се одлучуваат за вонбрачна заедница наспроти брак или пак претпочитаат да живеат заедно определен период пред да стапат во брак. Дали предбрачната заедница претставува еден вид тест за бракот? Колку предбрачната заедница може позитивно да влијае на бракот? Дали вонбрачната заедница води кон брак или пак го заменува постепено бракот? Во овој труд ќе се обидеме да ги анализираме горенаведените прашања и да истражиме колкаво е влијанието на предбрачните заедници за успехот на бракот во Македонија. За таа цел, ќе биде спроведено квантитативно истражување на млади брачни парови и парови кои живеат во вонбрачна заедница на возраст од 25 до 45 години. Дополнително, преку анализа на домашни и странски статистички податоци, трудот ќе ја разгледа семејната динамика во Македонија во последните неколку децении и ќе презентира повеќе аспекти на современото македонско семејство.

***Клучни зборови***: *предбрачна заедница, брак, семејство, Македонија.*

## 1. Вовед

Во современите општества младите парови сè почесто се одлучуваат за вонбрачната наспроти брачната заедница, особено во земјите од Западна и Северна Европа. По втората половина на 20-от век започнува брзо ширење на вонбрачните заедници, како и сè поголемо општествоно прифаќање на истите. Во некои скандинавски држави воведени се законски измени кои ги изедначуваат брачните и вонбрачните заедници во сите аспекти вклучувајќи ги и правата на пензија по смртта на еден од партнерите и правото на алиментација по разделба на партнерите.

Постојат повеќе теории кои го објаснуваат овој феномен, а се тесно поврзани со други општествени процеси кои изминативе декади имаа силно влијание врз промената на структурата на семејството, бракот, разводот, наталитетот и слично. Историски се смета дека ширењето на идеите на хипи-движењето од 60-тите години од минатиот век и феминизмот во 70-тите години претставува првиот поттик за економска еманципација на жената од мажот, но и за и регулирање на наталитетот со помош на достапноста на контрацептивните средства. Жената започнува да ја контролира репродуктивната функција а со нејзиното вклучување на пазарот на трудот, бракот не претставува повеќе заедница во која се гарантира финансиската стабилност на жената и децата.[1] Истовремено, процесите на глобализација, урбанизација и секуларизација имаат силно влијание врз промената на структурата на семејството, појавата на нови форми на семејства (реконструирани или мешани семејства, вонбрачни и истополови заедници, семејства со еден родител, индивидуални домаќинства) и воопшто оддалечување од традиционалните форми на семејства и партнерски односи. Дополнително, процесот на индивидуализација на општеството значително влијае на т.н. криза на бракот и семејството,

[1] Nazio, T., *Cohabitation, Family & Society*, Routledge, New York, 2008, стр. 4-5.

поточно на одлагање на бракот и негова замена со вонбрачните заедници, зголемениот број на вобрачни деца и намалениот наталитет.[2]

Поконкретни причини за зголемениот број за вонбрачни заедница се сметаат: недовербата во институцијата-брак, општественото прифаќање на сексуални односи пред бракот, зголемениот број на разводи, одложување на родителството, промената на родовите улоги, но и експанзијата на образованието, особено кај жените, која пак доведе до значително зголемување на учеството на жените на пазарот на трудот и нивна еманципација од машкиот пол.[3]

Во Европа застапеноста на вонбрачната заедница се разликува значително на линијата север-југ. Имено, вонбрачната заедница како алтернатива на бракот е прифатена многу повеќе во скандинавските отколку во медитерасннките земји и статистичките разлики се огромни: во 90-тите години од 20-от век во Шведска и Данска 90% од паровите под 35 години биле во вонбрачна заедница наспроти 3% од младите во Шпанија, Италија и Грција.[4] Причините за овие разлики се објаснуваат со различното историско наследство на земјите, политичкото уредување, општествениот и религиозниот контекст (Италија и Шпанија се традиционално католички земји наспроти скандинавските земји во кои доминира секуларизмот) но и различни културни и семејни традиции.[5] Според едно поново истражувањето на застапеноста на брачните и вонбрачните заедници во Европа во 21 век, направена е поделба на три групи што дополнително ја потврдува оваа географска разновидност, но исто така го ја истакнува дополнително разликата помеѓу Западна и Источна Европа:

1. Земји во кои сè уште преовладува бракот и традицијата (Грција, Романија, Турција, Украина, Хрватска, Кипар, Словенија, Бугарија, Полска, Русија);
2. Средна група (Германија, Унгарија, Латвија, Холандија, Швајцарија, Обединето Кралтсво, Белгија, Чешка, Ирска, Португалија, Словачка, Шпанија);
3. Земји во кои има висока стапка на вонбрачни заедници (Шведска, Норвешка, Данска, Финска, Франција).[6]

Според ваквата класификација, географската положба и статистичките податоци за првата група, претпоставуваме дека Македонија би припаѓала во првата група во која 60% од мажите и жените од 18 до 55 години се во брак, 16% од оние кои не се во брак живеат со партнерот или вкупно 5% од целокупното население е во вонбрачна заедница.[7]

Ширењето на вонбрачната заедница во земјите од Западна и Северна Европа би можела да се сумира во неколку фази:

1. Прва фаза: во 60-тите години од 20-от век вонбрачната заедница претставува ретка појава и поголемиот дел од паровите склучуваат брак без да живеат претходно заедно. Во овој период вонбрачната заедница не е сè уште општествено прифатена и бракот претставува норма во регулирањето на партнерските односи.
2. Втора фаза: во 70-тите години започнува ширењето на вонбрачната заедница и таа претставува повремена или експериментална фаза, односно еден вид предбрачна заедница.
3. Трета фаза: вонбрачната заедница е општествено прифатена, претставува алтернатива на бракот и се цели кон нејзино легално институционализирање (по ова прашање секоја држава има свои законски регулативи кои најчесто се однесуваат на правата на пензија и наследство по смртта на еден од партнерите, статусот на вонбрачните деца, правата на алиментација по разделба, правата на легални одлуки при тешки болести, операција и слично).[8]

---

[2] Karraker, M. W., *Global Families,* Pearson Education, Inc., New York, 2008.
[3] Nazio, T., *op.cit*., стр. 30.
[4] *Ibid*., стр. 15.
[5] *Ibidem*, стр. 11.
[6] Abela, A., Walker, J., (eds), *Contemporary Issues in Family Studies: Global Perspectives on partnerships, parenting and support in a changing word,* Wiley Blackwell, Chichester, England, 2014, стр. 21.
[7] *Ibid*., стр. 21.
[8] Nazio, T., *op.cit*., стр. 3.

## 2. Вонбрачни заедници во Република Македонија

Вонбрачна заедница или заедница во која живеат две лица кои се во партнерски (сексуални) односи без да стапат во брак[9] во Република Македонија се дефинира како заедница на живот на маж и жена која траела најмалку една година. Во поглед на правната заштита, вонбрачните заедници во РМ ги уживаат истите права на брачните заедници што се однесува на правото на меѓусебно издржување и имотот стекнат за време на траењето на таа заедница, како и правото на заштита од семејно насилство.[10]

Статистичките податоци на располагање покажуваат дека од 90-тите години на минатиот век во Македонија се бележи зголемен број на вонбрачни заедници и на вонбрачни живородени деца. Република Македонија нема направено попис од 2002 година а според истиот, официјалниот број на парови кои живеат во вонбрачна заедница изнесува 6.027[11], но веруваме дека таа бројка е значително зголемена изминава деценија особено ако ги анализираме останатите статитскички индикатори. Имено, од 2009 година до денес бројот на вонбрачни живородени деца е во постојан раст (изминатите десетина години се движи околу 11%) а во 2016 изнесува 12% или 2.761 дете.[12]

Зголемениот број на вонбрачни заедници во РМ се должи и на постојаниот пад на бројот на склучени бракови и пораст на бројот на разводи. Имено, 15.736 биле браковите склучени во 1994 година[13] наспроти 13.199 во 2016 година, додека бројот на разводи се движи од 710 во 1995 година до 1.985 во 2016 година.[14]

Дополнително, причина за зголемениот број на вонбрачни заедници во РМ е поместената возрасна граница при склучување прв брак: податоците од 2016 година прикажуваат дека средна возраст на невестите била 26.5 додека на младоженците 29.3 години[15]. Многубројни се причините за одлагањето на бракот но како најчести се сметаат продолжување на студирањето, зголемениот број на студенти на додипломски и последиплосмки студии, како и одложување на вработувањето. Некои теоретичари[16] сметаат дека токму нестабилната кариера е една од општетсвените причини поради која е зголемен бројот на вонбрачни заедници која како пофлексибилен модел на партнерство ги отсликува промените на пазарот на трудот. На ова се надоврзува и зголемената мобилност на населението, од која пак произлегуваат партнерски врски од различна националност или вероисповед, како и легални пречки при склучување брак (државјанство, дозвола за престој и слично). Сепак, сметаме дека одлагањето на бракот кај младите претставува посебна тема на истражување која треба подетално и посуштински да се елаборира и поради ограничување на времето и просторот ќе биде предмет на интерес на следно истражување.

Статистичките податоци за Македонија потврдуваат дека таа ги следи европските трендови кои се однесуваат на трансформацијата на семејството, особено кога станува збор за одложување на бракот, ширење на вонбрачната заедница, намалениот наталитет и зголемениот број на разводи. Од друга страна, во Македонија но и во голем дел од медитеранските земји

---

[9] Giddens, A., *Sociology*, Polity Press, Cambridge, United Kingdom, 2009, стр. 363-364.

[10] Закон за семејство, пречистен текст, Прв дел, Општи одредби, член 13. Преземено од: **http://www.mtsp.gov.mk/wbstorage/files/zakon_semejstvo_osnoven.pdf** (13/11/2015).

[11] State Statistical Office of the Republic of Macedonia, *Census of Population, Households and Dwellings in the Republic of Macedonia, 2002, Final Data, Book XIII – Total Population according to Territorial Organization of the Republic of Macedonia*, State Statistical Office of the Republic of Macedonia, Skopje, Macedonia, 2004, стр. 47.

[12] Соопштение: Наталитетот во Република Македонија во 2016 година, Државен завод за Статистика на Република Македонија, Преземено од: **http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=8** (01/06/2017).

[13] Радуловиќ, М., *Традицијата во европските и македонските семејства*, Култура, Скопје, Македонија, 2014.

[14] Соопштение: Склучени и разведени бракови во Република Македонија во 2016 година, Државен завод за Статистика на Република Македонија, Преземено од: **http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=11** (17/05/2017).

[15] *Ibid*.

[16] Nazio, T., *op.cit.*, стр. 26.

(Италија и Грција), на вонбрачната заедница се гледа повеќе како на пробен брак отколку на замена на бракот, па затоа може да се нарече и предбрачна заедница или заедница во која партнерите влагаат со цел да ја трансформираат во брак.

Во едно кванитативно истражување од 2016 година за перцепцијата на младите од Македонија (на возраст помеѓу 18 и 22 години) за бракот, разводот и вонбрачните заедници[17] индикативни беа податоците според кои мнозинството испитаници:

- не би живееле со партнер кој не верува во брак (88 од вкупно 120 испитаници);
- не сметаат дека вонбрачните заедници се морално прифатени во РМ (82 од 120 испитаници);
- не би прифатиле да живеат во вонбрачна заедница (70 испитаници од 120 испитаници).

Исто така, повеќе од половина испитаници сметаат дека нивните родители не би се согласиле тие да живеат во вонбрачна заедница, но и самите не би прифатиле вонбрачна заедница и би претпочитале да живеат во брачна заедница. Конечно, како услов за прифаќање на вонбрачна заедница за 40% беше насочено веридба а 32% би ја прифатиле како пробен брак.

Генералните заклучоци од истражувањето потврдија дека младите во Македонија сè уште гледаат на вонбрачната заедница како на чекор кој води кон бракот, а за истиот имаат перцепција дека претставува општествено прифатена институтција и постабилна заедница од вонбрачната.

## 3. Истражување од Република Македонија: вонбрачни или предбрачни заедници?

Поттикнати од резултатите од претходното истражување за ставовите на младите од РМ во врска со бракот, разводот и вонбрачната заедница, одлучивме да направиме дополнително квантитативно истражување за предбрачните заедници и нивното влијание врз бракот во Република Макеодонија. За таа цел, во текот на мај и јуни 2017 година направивме онлајн истражување на 72 испитаници на млади брачни парови и парови кои живеат во вонбрачна заедница, на возраст од 25 до 45 години. Во однос на старосната група, половина испитаници припаѓаат на групата од 30 до 34 години, 25% имаат од 25 до 29 години, 23% се на возраст од 35 до 40 години, а само двајца испитаници имаат над 40 години. За разлика од претходното истражување во кое беа опфатени испитаници од урбана и рурална средина, за ова истражување одлучивме испитаниците да бидат исклучиво од урбана средина и тоа од главниот град Скопје, бидејќи сметаме дека вонбрачните заедници во руралните средите во Македонија не се сè уште опшетствено прифатени. Од тие причини очекувавме поразновиден или побалансиран профил на испитаниците, но истражувањето покажа дека поголемиот дел од младите од Скопје на возраст од 25 до 45 години се во брак (76%) наспроти малцинството (4%) кои живеат во вонбрачна заедница. Дел од нив се во врска (11%) а останатите не посочија која е нивната брачна состојба.

Иако горенаведените статистики покажуваат дека младите денес имаат тенденција да го одлагаат бракот, сепак мнозинството испитаници (62%) смета дека идеалната возраст за стапување во брак е од 25 до 29 години. Една третина од испитаниците смета дека паровите би требало да стапуваат во брак од 30 до 34 години, додека незначителен број испитаници (вкупно тројца од 72) ги посочија старосните граници под 24 или над 35 години. Ваквите податоци ги потврдува и друго наше истражување за перцепцијата на младите за бракот и брачниот живот, според кое младите на возраст помеѓу 18 и 22 години сметаат дека треба да стапат во брак пред 30-тата година, односно дека идеалната возраст се движи од 23 до 28 години.[18]

Во многу земји вонбрачната заедница претставува експериментална фаза пред бракот иако нејзиното времетраење се зголемува, а дел од паровите се одлучуваат да не ја официјализираат врската со брак и остануваат да живеат во вонбрачна заедница.[19] Во Македонија како и нашите

---

[17] Avirovic, I., Radulovic, M., *Is De Facto Partnership a Threat to Marriage? A Case Study from Macedonia,* European Journal for Social Sciences Education and Research (EJSER), January-April 2016, Volume 6, Nr. 2.

[18] Radulovic, M., Avirovic, I., *Youth Perception on Marriage and Married Life: an Analysis from the Republic of Macedonia,* Global virtual Conference Proceedings, Volume: 4, Issue: 1, April 2016, Publisher: EDIS - Publishing Institution of the University of Zilina, Publishing Society, Slovakia.

[19] Giddens, A., *op.cit.*, стр. 363-364.

претходни истражувања така и ова потврдува дека според мнозинството испитаници вонбрачните заедници не се перципираат како замена за бракот туку како заедница која води кон бракот или пак пробен брак, па оттаму се јавува и дилемата дали вонбрачните заедници во Република Македонија се всушност еден вид предбрачни заедници?

Слика 1: *Живеењето заедно со партнерот води кон брак.*




Слика 2: *Бременоста е честа причина за брак во Македонија.*




Слика 3: *Во Македонија вонбрачните заедници се општествено прифатени.*



Мнозинството испитаници (Слика 1) смета дека живеењето заедно со партнерот води кон брак, односно 61% делумно и 15% целосно се согласуваат со овој став, наспроти малцинството кое не се согласува (15%) или пак воопшто не се согласува (3%). Причините за ваквите ставови може да бидат повеќе, но сметаме дека бракот во РМ сè уште претставува заедница која нуди повисок степен на сигурност наспроти вонбрачната заедница која е пофлексибилна. Оттаму, младите во Македонија претпочитаат емотивно или финансиско вложување во предбрачна заедница која би се официјализирала со брак.

Истражувањата покажуваат дека современите жени имаат повеќе избор кога станува збор за планирање на бременоста за разлика од минатото. Покрај придобивките од контрацептивните средства, денес дополнително се намалени моралните општествени стеги во врска со возраста на првата бременост или бременоста надвор од бракот: жените слободно ја планираат репродукцијата индивидуално или со партнерот или пак носат одлука да не станат родители воопшто.[20] Во Македонија, во последните децении бројот на вонбрачните деца е зголемен а истото не претставуа веќе табу тема во општеството. Но, и покрај тоа, еден од факторите кои ги поттикнува младите во вонбрачна заедница или во врска да ја официјализираат истата со брачна церемонија секако претставува и бременоста. На прашањето дали бременоста претставува честа причина за брак во Македонија (Слика 2), речиси половина испитаници (47%) се согласиле делумно а 28% целосно, додека пак 11% не се согласиле. По однос на ова прашање, во претходните истражувања заклучивме дека младите во РМ ги прифаќаат новите форми на семејства меѓу кои и вонбрачните заедници и вонбрачните деца кога станува збор за останатите луѓе, но кога треба да решат за својот животен стил, сепак, тие претпочитаат да оформат семејство во рамките на бракот. Можеби од тие причини добивме поделени мислења на прашањето дали вонбрачните заедници се општествено прифатени во Македонија (Слика 3): 42% од испитаниците делумно се согласуваат а 35% не се согласуваат. Тука сметаме дека големо влијание може да има потеклото на испитаниците, односно дали потекнуваат од традиционално семејство или пак понова форма на семејство (реконструирано семејство или семејство со самохран родител) или пак индивидуалното искуство и праксата од средината во која живеат, како и искуството на паровите од нивната генерација.

Многу се причините поради кои паровите се одлучуваат да живеат во вонбрачна заедница. Меѓу нив најчести се:

- практични погодности (поради динамичниот живот во големите метрополи паровите кои се одлучуваат да живеат заедно сметаат дека на тој начин ќе имаат повеќе време да посветат на врската);
- економски услови (се избегнуваат големите свадбени трошоци но и финансиските трошоци кои би следувале при евентуална разделба за разлика од разводот);
- одредени ограничувања (некои парови не можат да стапат во брак поради легални пречки кои можат да бидат разновидни: државјанство, одолговлечена бракоразводна постапка со претходен партнер; тука спаѓаат и хомосексуалните парови кои не можат легално да стапат во брак во голем број земји);
- идеолошки причини (некои индивиу не го прифаќаат бракот како институтција, се плашат од брак или пак веруваат дека токму флексибилноста и несигурноста на вонбрачната заедница може да ги поттикне партнерите повеќе да се вложуваат во врската).[21]

Од друга страна пак, некои научници тврдат дека вонбрачната заедница се карактеризира со понизок степен на врзување, понизок наталитет, помали одговорности кон партнерот, повисок ризик од разделба, дури некои сметаат дека вонбрачната заедница го одлага бракот бидејќи претставува процес сам по себе, а брзото ширење на вонбрачните заедници претставува една од најголемите промени на семејниот живот и семејната динамика во изминатите четири декади.[22]

Во нашето истражување речиси половина (33 од 72) од испитаниците живееле во вонбрачна заедница пред да стапат во брак, податок кој ни укажува на тоа дека Македонија се доближува

---

[20] Abela, A., Walker, J., (eds), *op.cit.*, стр. 125.
[21] Nazio, T., *op.cit.*, стр. 38-39.
[22] *Ibid.*, стр. 1-10.

кон земјите од Западна Европа во кои живеењето заедно со партнерот пред брак претсавува веќе норма.[23] За некои од нив бракот или преминот од вонбрачна во брачна заедница претставувало едноставна формалност за други пак следен логичен чекор во нивната љубовна врска и преовладува мислењето дека заедничкиот живот води кон брак. Според испитаниците, најчести причини за стапување во брак или транзиција од вонбрачна во брачна заедница се:

- љубов, почит и разбирање помеѓу партнерите;
- бременост или планирање на семејството;
- официјализирање на врската;
- притисок од семејството или општетството.

Повеќе од половина испитаници сметаат дека живеењето заедно не ги поттикнало да стапат во брак. Сметаат дека стапиле во брак бидејќи веќе биле сигурни во изборот на партнерот и животот во вонбрачна заедница единствено служел како потврда за нивната одлука. За нив, бракот бил следен логичен чекор во нивната врска кој бил спонтан или пак планиран кога одлучиле да го прошират семејството.

Иако според мнозинството вонбрачната заедница всушност била еден вид пробен брак, сепак тие имаат позитивно мислење за тој период од заедничкиот живот со партнерот. Младите парови сметаат дека придобивките од живеење во вонбрачна пред брачна заедница се многу а меѓу нив се издвојуваат:

- себеспознавање и „вистинско" запознавање на партнерите *versus* нивно идеализирање во текот на врската;
- побрзо запознавање на навиките и карактерот на партнерите;
- финансиска придобивка (поделба на трошоците);
- прилагодување на меѓусебните потреби;
- поделба на обврските;
- тест за бракот (можност да се увиди дали партнерите се одговорни, склони кон кавги, односно како би функционирале во иден брак).

И покрај позитивните оцени за предбрачната заедница, испитаниците имаат поделено мислење во врска со нејзиното влијание на брачната заедница. Подетално, на прашањето дали сметаат дека паровите кои живееле заедно пред да стапат во брак поретко се разделуваат 38% одговориле дека делумно се согласуваат а 36% дека не се согласуваат. Останатите 7% воопшто не се согласуваат, 4% целосно се согласуваат, а 12% немаат изградено мислење по ова прашање.

Конечно, од испитаниците побаравме да ја дефинираат вонбрачната заедница и повторно добивме поделени мислења: половина испитаници ја перципираат како заедница која е изедначена со брачната но нема формален или пак легален карактер, односно сметаат дека по својата динамика не се разликува од брачната. Другата половина пак, смета дека претставува предбрачен тест или пробен брак, односно дека ја дефинираат вонбрачната заедница како составен дел на една врска која се финализира со бракот.

**Заклучок**

Како резултат на трансформацијата на општествата и процесите на глобализација, индустријализација, урбанизација, индивидуализација, секуларизација, како и ширењето на феминистричките идеи и еманципацијата на жените по Втората светска војна, имаме нови форми на семејства (реконструирани семејства, вонбрачни и хомосексуални заедници, семејства со самохран родител, мешани семејства) и општо прифатеното нуклеарно семејство не претставува веќе нормативен модел на современо семејство. Ширењето на новите форми на семејства пак доведе до намалување на моралните стеги кои доминираа во минатото и нивно прифаќање од страна на општетствата, особено меѓу најмладата популација.

До пред неколку децении животот во вонбрачна заедница се перципираше како скандалозен и неприфатлив во многу западноевропски земји но денес сликата е целосно изменета и во некои земји живеењето заедно со партнерот претставува вообичаен начин за започнување на прва

[23] Jagger, G., Wright, C., (eds.), *Changing Family Values*, Routledge, London, 1999.

партнерска заедница. Во некои држави вонбрачните заедници претставуваат еден вид експериментална фаза пред бракот или т.н. предбрачни заедници, во други пак, тенденцијата е целосно да ја заменат брачната заедница.[24] Всушност, зголемениот број на вонбрачни заедници, одложувањето на бракот, зголемениот број на разводи, намалениот наталитет и генерално одложувањето на родителството се фактори кои го имаат сменето значењето на бракот.

Вонбрачните заедници најспоро беа прифатени во јужна Европа, вклучително и во Македонија. И денес, вонбрачните заедници претставуваат речиси исклучиво урбан феномен и не се доволно прифатени во руралните средини, каде стигмата, општествениот и семејниот притисок да се стапи во брак се сè уште изразени. Според фазите на прифаќањето или ширењето на вонбрачните заедници Македонија се наоѓа во втората фаза односно периодот кога вонбрачната заедница всушност претставува повеќе предбрачна заедница или увертира на бракот. Но, тоа не значи дека Македонија и останатите земји од Јужна Европа ќе ја следат истата динамика на земјите од Северна и Западна Европа, пред сè поради различниот социо-културен контекст, историското минато и разликите во семејните традиции.

Заклучоците на нашето истражување потврдуваат дека во последните децении вонбрачната заедница е сè повеќе застапена во Република Македонија. Таа е општествено прифатена и особено популарна кај младите парови: од една страна вонбрачната заедница истовремено ги нуди бенефитите од бракот и придобивките од животот пред брак,[25] а од друга страна може да премине во брачна заедница во секое време. Сепак, како и нашите претходни истражувања, и ова потврдува дека мнозинството млади во Македонија, иако немаат негативна перцепција за вонбрачните заедници сепак го избраат бракот и сметаат дека живеењето заедно со партнерот претставува само една експериментална фаза или транзиција кон брак. И покрај тоа што општествениот притисок да склучат брак е намален за разлика од минатото, тие повеќе би сакале да бидат во заедница во која степенот на сигурност и обврзување е повисок. Особено чувствителна се чини темата на емотивно и финансиско инволвирање при одлуката за планирање на бременост. И во овој случај, иако вонбрачните деца не се стигматизирани во урбаните средини, младите преферираат да планираат семејство откако ќе бидат во брак. Дополнително, иако предбрачните заедници не го стимулираат бракот, сепак паровите преферираат подобро да се запознаат со партнерите преку заеднички живот пред бракот и нашето истражување покажа индикации дека оваа пракса станува сè позастапена во македонското општество.

Конечно, сметаме дека оваа тема е истовремено многу комплеска и деликатна и заслужува понатамошно продлабочено истражување. Во тек е квалитативно истражување во кое се опфатени млади парови од Скопје на возраст од 25 до 45 години со цел да се добијат подетални сознанија за нивните ставови во врска со придобивките од предбрачната заедница, застапеноста на вонбрачната заедница и кризата на бракот во Македонија.

**Библиографија**


Abela, A., Walker, J., (eds), *Contemporary Issues in Family Studies: Global Perspectives on partnerships, parenting and support in a changing word*, Wiley Blackwell, Chichester, England, 2014.

Abot, E., *Istorija braka*, Geopoetika izdavaštvo, Beograd, 2014.

Avirovic, I., Radulovic, M., *Is De Facto Partnership a Threat to Marriage? A Case Study from Macedonia*, European Journal for Social Sciences Education and Research (EJSER), January-April 2016, Volume 6, Nr. 2.

Борнарова, С. (2012). *Социјална работа во семејството*, Скопје: Универзитет Св. Кирил и Методиј, Филозофски факултет, p. 34-35.

Giddens, A., *Sociology*, Sixth Edition, Polity Press, Cambridge, United Kingdom, 2009.


[24] Giddens, A., *op.cit.*, стр. 363-364.
[25] Nazio, T., *op.cit.*, стр. 26.

Закон за семејство, пречистен текст, Прв дел, Општи одредби, член 13. Преземено од: **http://www.mtsp.gov.mk/wbstorage/files/zakon_semejstvo_osnoven.pdf** (13/11/2015).

Jagger, G., Wright, C., (eds.), *Changing Family Values*, Routledge, London, 1999.

Jamieson, L., *Intimacy, Personal Relationships in Modern Societies*, Polity Press, Cambridge, 1998.

Karraker, M.W., *Global Families*, Pearson Education, Inc, New York, 2008.

Радуловиќ, М., *Традицијата во европските и македонските семејства*, Култура, Скопје, 2014.

Radulovic, M., Avirovic, I., *Youth Perception on Marriage and Married Life: an Analysis from the Republic of Macedonia*, Global virtual Conference Proceedings, Volume: 4, Issue: 1, April 2016, Publisher: EDIS - Publishing Institution of the University of Zilina, Publishing Society, Slovakia.

Соопштение за наталитетот во Република Македонија во 2016 година, Државен завод за Статистика на Република Македонија. Преземено од: **http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=8** (01/06/2017).

Соопштение за склучени и разведени бракови во Република Македонија во 2016 година, Државен завод за Статистика на Република Македонија. Преземено од: **http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=11** (17/05/2017).

State Statistical Office of the Republic of Macedonia, *Census of Population, Households and Dwellings in the Republic of Macedonia, 2002, Final Data, Book XIII – Total Population according to Territorial Organization of the Republic of Macedonia*, State Statistical Office of the Republic of Macedonia, Skopje, Macedonia, 2004.

Cheal, D., *Families in Today's World, A Comparative Approach*, Rutledge, London, 2008.

Hill, S., *The evolution of families and marriages*. In Contemporary Family Perspectives: Families: A social class perspective (pp.1-29). Thousend Oaks, CA: SAGE Publications, Inc., 2012.

## IS COHABITATION GOOD FOR MARRIAGE? A LOOK INTO FAMILY DYNAMICS IN MACEDONIA

**Irena Avirovic**

Assistant Professor, Faculty of Philosophy, UKIM, avirovic@fzf.ukim.edu.mk

**Abstract**

In recent years Macedonia has witnessed a continuous rise in number of divorces, premarital and extramarital communities on the one hand, and a decreased number of marriages on the other hand. Macedonia, as well as other European countries, was not immune to the changes that affected the structure and dynamics of the family which are the result of several social processes such as globalization, accelerated urbanization and industrialization. Today, an increased number of young couples in Macedonia are opting for extramarital communities rather than marriage or would prefer to cohabitate with their partner before marriage. Is cohabitation a test for marriage? How can cohabitation positively affect marriage? Do extramarital communities lead towards marriage or are they progressively replacing marriage? This paper will try to answer the abovementioned questions and will examine whether and to what extent premarital communities influence successful marriages in Macedonia. For this purpose, a quantitative research on young married couples and couples

cohabitating at the age from 25 to 45 years will be conducted and presented. In addition, based on analysis of national and international statistics, the paper will examine new family dynamics in Macedonia in the past decades and will present several aspects of the contemporary Macedonian family.

***Keywords:*** *cohabitation, marriage, family, Macedonia.*